# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

.

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Свети Николе**<br><br>**Излегува по потреба** | **09.10. 2013 година**<br>**ден месец година**<br>**Свети Николе**<br>**Број 13** | **ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА**<br>**Трезорска сметка 100000000063010**<br>**Буџетски корисник 7630140762- 630-10** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе„ бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за кофинансирање на Општина Свети Николе во проектот за управување со речниот слив Брегалница, Компонента 2 : Планирање и имплементација на Мали инфраструктурни проекти за вода во подрачјето на речниот слив**

Се објавува Одлука за кофинансирање на Општина Свети Николе во проектот за управување со речниот слив Брегалница, Компонента 2 : Планирање и имплементација на Мали инфраструктурни проекти за вода во подрачјето на речниот слив бр. 0701 - 770, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 09.10. 2013 година.

**Бр. 0801- 771** — **Градоначалник,**
**09.10. 2013 год.** — **на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** — **Зоран Тасев *с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на РМбр 5/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 09. 10.2013 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за кофинансирање на Општина Свети Николе во Проектот за управување со речниот слив на Брегалница, Компонента 2: Планирање и имплементација на Мали инфраструктурни проекти за вода во подрачјето на речниот слив**

**Член 1**

Со оваа Одлука се обезбедуваат средства за учество на Општина Свети Николе во **Проектот за управување со речниот слив на Брегалница**,

**<u>Компонента 2</u>:** Планирање и имплементација на Мали инфратруктурни проекти за вода во подрачјето на речниот слив. **Средствата ќе бидат наменети за Доопремување и модернизација на Фабрика за преработка и производство на чиста вода за пиење за Град Свети Николе.**

Носител на Проектот е Општина Свети НИколе.

Партнер е ЈКП Комуналец.

**Член 2**

Средствата се обезбедуваат во висина од 16,7 % од вредноста на предлог-проектот, или 503.526,00 денари (10,000 ЦХФ), согласно обврската за обезбедување на минимално кофинансирање од страна на Носителот на проектот.

**Член 3**

Во случај на несакани отстапувања од утврдениот вкупен буџет за проектот кој изнесува 3.015.126,00 денари (60.000,00 ЦХФ), при имплементирање на истиот, сите издатоци ќе ги сноси Носителот на проектот - Општина Свети Николе

Средствата за оваа намена ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Свети Николе за 2014 година.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесување и истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Бр. 0701 - 770**
**09. 10. 2013 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Илија Стоилев с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Одлука за кофинансирање на Општина Свети Николе во проектот за управување со речниот слив Брегалница, Компонента 2 : Планирање и имплементација на Мали инфраструктурни проекти за вода во подрачјето на речниот слив . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.1

**Бр. 0701 - 772**
**09. 10. 2013 година**
**Свети Николе**